

ЕВН Македонија и нејзините друштва вршат дејности од областа на дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна над 15 години како дел од групацијата ЕВН АГ Австрија и претставува доверлив работодавач за своите вработени кој нуди конкурентни услови на пазарот на труд и различни можности за развој. Цел на ЕВН е одржување на висока професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

## КАРИЕРА ВО ЕВН МАКЕДОНИЈА

Во оддел сметководство бараме :

## СМЕТКОВОДИТЕЛ (М/Ж)

### Опис на работните задачи

- Одговорен за точно и навремено евидентирање на сметководствена документација;
- Навремено изготвување и достава на финасиски и останати извештаи, координација со: оддел/КЕЦ, внатрешна и надворешна ревизија, даночни служби и останати надворешни институции, сеопфатна примена на сметководствените стандарди и законска регулатива
- Следење и имплементирање на поставените процедури и насоки за точно одржување на финансиските и сметководствени податоци на компанијата како и нејзините трансакции
- Изведување на посложени сметководствени активности во согласност со сметководствените принципи и стандарди за контрола дека истите соодветствуваат со релевантните регулативи, закони и барања за извештаи (сметки за плаќање, побарување и обврски, приходи и  расходи, средства и инвестиции, финансиска анализа и извештаи)
- Проверка на билансирање, спроведување на билансна политика
- Подготовка и пресметки на провизии, резервации, амортизација, пресметки во врска со средства и инвестиции, камати и сл.
- Подготовка на  завршна сметка, финансиски извештаи, и други извештаи поврзани со делокругот на работење на групата.
- Одржување на базата на податоци: контен план , одржување на извештаи, база на добаувачи, база на купувачи, жиро сметки и база на основни средства

### Потребни квалификации

- Економски факултет – насока сметководство
- Најмалку 3 години искуство во областа
- Одлично познавање на англиски јазик и MS Office
- Одговорност и доверливост
- Одлични комуникациски и организациски вештини
- Подготвеност за тимска работа
- Предност ќе имаат кандидатите кои имаат сертификат за овластен сметководител и претходно искуство во SAP системот.

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 17.12.2024.

**Напомена:** Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк  https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx.